Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**Опис на работната задача (ToR)**

**За спроведување на Годишна Ревизија на Еко-свест за 2025 година**

**1. Опис на ангажманот и основни информации**

- **Нарачател:** Центар за истражување и информирање за животна средина Еко-свест, Скопје.
- **Предмет на ангажманот:** Спроведување на годишна ревизија на организациското и финансиското работење на Еко-свест за фискалната 2025 година.
- **Период на покривање:** 1 Јануари 2025 до 31 Декември 2025 година.
- **Избран ревизор:** Овластена ревизорска компанија, избрана преку јавен повик.
- **Временска рамка за спроведување:** Најмногу 2 месеци од датумот на потпишување на Договорот, но не подоцна од 30.04.2026 година.

**2. Цел на Ангажманот**

Целта на ангажманот е да се спроведе ревизија на годишните финансиски извештаи на Еко-свест и да се издаде ревизорски извештај за организациското и финансиското работење, притоа обезбедувајќи усогласеност со меѓународните стандарди и барањата на донаторите.

**3. Обем и Стандарди на Ревизија**

Ревизијата мора да биде спроведена од страна на надворешен, независен и квалификуван ревизор во согласност со следните Меѓународни стандарди за ревизија (МСА): ISA 800/805, ISRS 4400 и ИСА 700 (или Националните стандарди за ревизија доколку се сметаат за еквивалентна на меѓународните стандарди за ревизија).

Ревизорот мора да направи увид и проверка на завршната сметка по нејзиното поднесување.

**4. Известување и Документација**

Ревизорот е одговорен за доставување на следните извештаи и документација, изготвени на македонски и англиски јазик:

- Извештај на Независниот Ревизор (Independent Audit Report)
- Менаџмент Писмо (Management Letter)
- Извештај за Фактички Наоди (Factual Finding Report)
- Менаџмент Одговор (Management Response).

**5. Критериуми за Избор на Ревизор (резиме)**

Компаниите ќе бидат оценувани од Комисија од 3 члена врз основа на следните критериуми:

- Портфолио на компанијата: (30 поени)

- Капацитет за спроведување на ревизијата: (30 поени) – Број на лиценцирани вработени ревизори.
- Финансиска понуда: (40 поени).
- Минимални барања: Активна компанија, формирана согласно законите во РСМ и постои најмалку 3 години; Најмалку 3 години професионално искуство во спроведување ревизии на граѓански организации, странски фондации и проекти.

## 6. Надзор на проектот

Еко-свест ќе биде одговорен за надзорот на спроведувањето на ангажманот и почитување на договорите и договорните задачи.

## 7. Контакт лице

За повеќе информации ве молиме контактирајте со Елена Тодоровска на elena.todorovska@ekosvest.com.mk или на +38975348173